20252665114

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ОБНОВУВАЊЕ НА ТОВАРНИОТ ВОЗЕН ПАРК“ НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 26 декември 2025 година.

Бр. 08-7339/1
26 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ОБНОВУВАЊЕ НА ТОВАРНИОТ ВОЗЕН ПАРК“ НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 20.900.000 евра, наменет за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член, ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс-период од четири години.

Заемот ќе се отплаќа на 22 полугодишни рати, на 20 јануари и на 20 јули секоја година, кои пристигнуваат за плаќање започнувајќи од првиот датум од навршување на четвртата година од потпишување на Договорот за заем.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот во рок од седум дена од денот на стапувањето во сила на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Член 4

Проектот од членот 1 од овој закон ќе го имплементира Министерството за транспорт, а краен корисник ќе биде Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Северна Македонија“.